**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 08-13/19
03.12.2019
Гостивар

| **ООУ „Ѓон Бузуку“ - с.Србиново, Гостивар** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| Датум на интегрална евалуација: | Од 30.09 до 02.10.2019 година |
| Број на извештај: | Број 6/13 2019 година |
| Раководител на инспекциски тим: | Реџеп Хамити |
| Вид на училиштето: | Основно училиште |
| Подрачни училишта | 5: с.Падалиште, с.Граванец, с.Рафше маде, с.Трново и с. Страјане |
| Основач на училиштето: | Општина Гостивар |
| Наставен јазик: | албански |
| Број на ученици: | 98 |
| Полова структура на ученици: | 55 м. – 43 ж. |
| Број на наставници: | 31 |
| Претседател на училишниот одбор: | Дашмир Хазири |
| Директор на училиштето: | Агим Мислими |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | 03.10.05.2016 год. |
| Адреса на училиштето: | С. Србиново- Гостивар |
| Телефон: | 04 2351 003 |
| Факс: | 04 2351 003 |
| e-mail: | Gjon_buzuku96@hotmail.com |
| Оценка ИЕ | 2.08 Делумно задоволува |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014, 33/2015, 145/2015 и 30/2016) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција на ден 30 Септември и 1 и 2 Октомври 2019 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ-„Ѓон Бузуку„ с. Србиново.

За време на тридневниот надзор тимот на државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени беа наставниците кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници , стручните органи и тела ( Наставнички совет, Училишниот одбор и Советот на родители). Се водеа разговори со фокус групи на ученици, со наставниците по стручни активи, раководители на смени, со членови на тим за изготвување на Самоевалуација и админстративна служба.

Воспитно образовната дејност во ООУ-„Ѓон Бузуку„ с. Србиново, се остварува врз основа на наставни планови и програми за деветгодишно основно образование изготвени од Бирото за развој на образованието а одобрени од Министерството за образование и наука и по програмата Кембрич.

Во училиштето при избор на изборните предмети, се спроведува процедура преку анкетни листови каде се нудат изборни предмети според наставниот план .Постапката за избор на наставни предмети не се применува во целост, со почит на потребите и инетресот на учениците.

Училиштето прифаќањето на учениците од прво до трето одделение, еден час пред започнувањето и еден час по завршувањето на наставата го има регулирано со изготвена проширена програма

За постојните наставни планови и програми, наставниците и преставниците од родителите сметаат дека се преобемни и дека содржините од наставните планови и програми треба да бидат прилагодени спрема потребите на учениците како би се постигнал подобар успех.

За наставните планови и програми има мислења за измени дополнувања од страна на наставниците и родителите, но нема покренато инцијатива за изменување и дополнување на истите до надлежните институции.

Учеството на учениците во вонннаставни активности најчесто е по нивна желба, а има случаеви кога за ова одлучува надлежниот наставник.

Училиштето за развивање и унапредување на сите форми на спортски алктивности за учениците нема регистрирано училишен спортски клуб, но во тек е посташпката за регистрација.

ОУ-„Ѓон Бузуку„ с. Србиново, во последните три учебни години, учениците со свои наставници учествувале на натпревари на општинско и регионално ниво и немаат усвено и постигнато задоволни резултати.

Екскурзиите како форма на вонннаставна активност се подготвуваат , организираат и се реализираат според годишната програма за работа и училиштето изготвуваа програма за реализација на секоја екскурзија одделно по претходно добиена согласност од Бирото за развој на образование со исклучок на предходната учебна година кога не е организирана екскурзија со учениците..

ООУ-„Ѓон Бузуку„ с. Србиново има податоци за постигањата по класификациони периоди, по наставни предмети, според пол и социално потекло.

Во училиштето се реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците покажуваат интерес . Редовно се следаат постигањата на учениците и во секоја година се прави анализи со акциско истражување за постигањата на учениците.

Во училиштето добро се следи редовноста на учениците, анализира и во утврдена временска рамка се превземаат мерки и активности за намалување на изостанувањето

Постапката за премин на ученици од едно училиште во друго училиштето се почитува. Се следи осипувањето на учениците во училиштето, за кое училиштето има податоци и се прави нивна анализа.

Во училиштето наставниците постојано разменуваат искуства и идеи во рамките на стручните активи, а понекогаш и во рамките со други училишта во општината .

Распоредот на часови е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето има распоред за додатна и дополнителна настава,.

Наставниците се однесуваат со учениците, на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло.

Интерактивното реализирање на наставата е застапено кај поголем број наставници а најчесто во одделенска настава.

Во планирањата наставниците имаат предвидено реализација на наставни единици со примена на ИКТ. Планираните часови со ИКТ кај поголем број на наставници не се реализираат.

Оценувањето се врши јавно. Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците и го анализираат нивниот напредок и постигања. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

За известување на родителите за напредокот на нивните деца, во училиштето има утврден систем и се применува. Родителите добиват пишани извештаи со информаци и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет вклучувајќи информаци и за личниот и социјалниот развој на детето.

Во училиштето просториите во поголем дел се безбедни за изведување на настава. Родителите и учениците сметаат дека во училиштето има доволно училници и други простории и го доживуваат како безбедна.

Хигиената во училишниот објект е добра. За одржување на истата се ангажирани доволен број на хигиеничари. Санитарните простории, ходници, скали и училниците се чистат два пати во денот. Училишниот двор е чист и уреден. Секоја година се врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција при што училиштето презема мерки и постапува по препораките и насоките во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.

За можноста за понатамошно средно образование училиштето обезбедува информации кои се релевантни и најнови. За оваа цел училиштето организира посети од страна на средни училишта, истакнува флаери, соработува со родители, врши советувања на ученици и родители.

Наставниците како и стручниот соработник во училиштето водат уредна евиденција за напредокот односно успехот, редовноста и поведението за секој ученик и паралелката поебно и во целина.

Соработка со родителите се остварува во организирана форма на повеќе нивоа и тоа: поединечно, на ниво на паралелката, на ниво на одбор на родители на паралелката, на ниво на совет на родителите во училиштето и преку членовите на Училишен одбор.

Во ООУ,,Ѓон Бузуку“наставата ја следаат 89 ученици распоредени во 21 паралелки од прво до деветто одделение . Наставата се одвива во една смена, како во централното училиште така и кај пет подрачни училишта

Наставниот процес во училиштето го реализираат 31 наставник и тоа 1 педагог, 1 психолог, 1 библиотекар, 1 директор. Од наставен кадар се вработени 18 на неопределеон време и 13 на определено време. По видот на образование 27 наставници се со високо образование, 4 со вишо образование. Поголемиот број наставници се со соодветна стручна подготовка согласно законот за основно образование и според

нормативот за наставен кадар освен наставен кадар со несоодветно образование по предметите ликовно, ОТП и македонаки јазик.

Училишната библиотека располага со вкупно 3500 примероци на книги. кои се претежно со стар тираж и истите делумно ги задоволуваат потребите на учениците.

Училишните простори и другата инфратруктура е добра и постојано се интервенира за подобрување на истата.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ-„Ѓон Бузуку„ с. Србиново е **делуно задоволува 2.08.**

Училиштето има Самоевалуацијата заведена со деловоден број 0201-100/1 од 12.06..2019 година.

Програма за развој на училиштето е заведена со деловоден број 0201-100/2 од 14.06.2019 година.

Годишна програма за работа за оваа учебна година заведена со деловоден број 01-152 од 29.08.2018 година.

Во училиштето нема формирано инклузивен тим по новиот закон.

---

[1] **Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:**

1. **Не задоволува,**
2. **Делумно задоволува,**
3. **Добро и**
4. **Многу добро.**

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Наставата во ООУ„Ѓон Бузуку“ се одвива во 6 училишни објекти во с. Србиново, Трново, Страњане, Падалиште, Равче мало и с. Граванец. Училишниот објект: во ЦОУ во с. Србиново е изграден од тврда градба на приземје и кат , додека училишниоте објекти во сите подрачни основни училишта се на приземје и се во добра состојба.

Училиштето има распред за користење на училишните простории за изведување на наставни и воннаставни активности. Сите училишни објекти (централно и подрачните) имаат мал училишн двор, мала зелена површина.со исклучок на централното училиште коа има спортски терени и голема површина на зеленило. Во училиштето има доволен број на санитарни јазли по 2 за наставници, и по 2 за учениците., има ПТТ - фиксна линија, интернет мрежа со многу слаба конекција; нема громобранска мрежа, нема ПП апарати и хидранти. Истото се однесува и за другите 5 подрачни училишни објекти

Во ООУ,,Ѓон Бузуку“ЦОУ и ПОУ училиштето наставата ја следат 89 ученици распоредени во 21 паралелки од прво до деветто одделение. Во училиштето има 11 комбинирани паралелки од кои 9 во нижите одделниа. . Наставата се одвива во една смена, како во централното училиште така и кај пет подрачни училишта.

. Наставниот процес во училиштето го реализираат 31 наставник и тоа (18 мажи и 13 жени), 1 педагог, 1 психолог, 1 библиотекар, 1 директор. Од наставен кадар се вработени 18 на неопределеон време и 13 на определено време. По видот на образование 27 наставници се со високо образование, 4 со вишо образование. Вкупен стаж на наставничкиот кадар во ООУ Ѓон Бузуку е: од 0 до 10 години се 14 наставниции, од 11 до 20 години се 5 наставници, од 21 до 30 години се 8 наставници, над 31 година се 4 наставници. Според етничка припадност на наставниот кадар сите 31 наставници се албанци. Поголемиот број наставници се со соодветна стручна подготовка согласно законот за основно образование и според нормативот за наставен кадар освен наставен кадар со несоодветно образование по предметите ликовно, ОТП и македонаки јазик.

Училиштето е основано на 28.12.1965 година, со одлука од општина Гостивар,.

Училиштето има решение за верификација за воспитно образовна дејност бр.10-1465/16 од 10.06.1996 год.

Училиштето е запишано во Централен регистар на Република Македонија под број 31120190000356 од 08.07.2019 год.

Статутот на училиштето е донесен со одлука од Училишен одбор број 0101-105/1 од 24.02. 2014 а потоа и извршени и дополнувања на истиот во 2016 година.

Училиштето има изготвено годишен извештај за работа за учебната 2018/19 година заведена под број 03-108/1 од 01.07.2019 год.. .

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Во ООУ-„Ѓон Бузуку„ с. Србиово, Воспитно образовната дејност се остварува врз основа на наставни планови и програми за деветгодишно основно образование изготвени од Бирото за развој на образованието а одобрени од Министерството за образование и наука и по програмата Кембрич .

За целите на наставните планови и програми што се реализираат. Училиштето ги потикува родителите во континуитет да се информираат. Ова информација се прави дури од првите родителски средби кои се одржуваат на почетокот на учебната година. Поради отсатост на поголемиот дел на родителите кои се наоѓат на привремеа работа надвор од државата истите не се целосо информирани.

Во училиштето последните три учебни години во наставата немало ученици со посебни образовни потреби за кое нешто не се изработени и индивидуални образовни планови. Поголемиот дел на наставници немаат посетено обука за ваков вид на ученици.

За избор на изборни предмети, се спроведува процедура преку анкетни листови каде се нудат изборни предмети според наставниот план. Постапката за избор на наставни предмети не се применува во целост, со почит на потребите и инетресот на учениците.

Училиштето има изготвен план на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти. Училиштето интергрира содржини од еколошка програма. Во училиштето се реализираат воннаставни активности по таа основа.Се реализира настава по предмет физичко и здравствено образование во прво одделение.

За учениците од прво до трето одделение училиштето има исготвена проширена програма., со кое е регулирано прифаќањето на учениците еден час пред започнувањето и еден час по завршувањето на наставата.

## 1.2.Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето во континуитет стручните соработници со раководниот орган прават напори за подобрување на квалитетот на наставата. Во однос на тоа наставниците преземаат активноста за континуирана обука за стручно оспособување организирани од страна на Бирото за развој на образование. и други овластени институции. Кај поголемиот број на наставници планирањата се на задоволнително ниво. Во поголемиот број на наставници се внесени содржини кои се од оспект на мултикултурализам, родова илиедничка припадност.

Поголемиот број наставници и преставниците но родителите сметаат дека постојните наставни планови и програми се преобемни и сметаат дека содржините од наставните планови и програми треба да бидат прилагодени спрема потребите на учениците како би се постигнал подобар успех. Во училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметни цели и тие насоки се почитуваат од страна на наставниците.

Од страна на училиштето се разгледуваат наставните планови и програми и има мислења за измени, но нема покренато инцијатива за изменување и дополнување на истите до надлежните институции, туку тоа се дискутира и дадените мислења остауваат само за училиштето како дискуси во формалните оргаи.

## 1.3.Воннаставни активности

Во училиштето се планираат, воннаставните активности што служат за подршка на личниот, кариерниот и социалниот развој на учениците. Ваквите воннаставни активности не се ограничени според вид и доволно ги одразуваат потребите и интересот на учениците.

Во воннаставните активности се вклучени поголем дел на учениците, имајќи го во предвид, родот и социалната рамноправност. Учеството на учениците во овие воннаставни активности најчесто е по желба на учениците , а има случаеви кога за ова одлучува надлежниот наставник. Учениците учествуваат и при изготвувањето на програмата за ваквите воннаставни активности.

Училиштето за развивање и унапредување на сите форми на спортски активности за учениците уште нема регистрирано училишен спортски клуб,и ако за ова се во тек постапките.

ООУ-„Ѓон Бузуку„ с. Србиново, во последните три учебни години, учениците со свои наставници учествувале на натпревари на општинско и регионално нивоо но немаат усвоени награди .

Екскурзиите како форма на воннаставна активност се подготвуваат , организираат и се реализираат според годишната програма за работа на училиштето, со исклучок на предходната учебна година кога не се реализира екскурза поради барање на родителите и малиот број на учениците. Во предходните учебни години училиштето изготвувал програма при реализација на секоја екскурзија одделно по претходно добиена согласност од Бирото за развој на образование.

Училиштето не е со мешан состав и могу ретко реализирале вонаставни активности со етнички мешани групи. Училиштето спаѓа во ридскко планиско место и е одалечео од градот над 20 км.

# ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1.Постигања на учениците

Училиштето има податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата по предмети и според квалификационите периоди.Од анализата на изготвените статистички извештаји за средниот успех на училиштето,средниот успех во поледните три учебни години е следен: во учебна 2016/2017 година е 3,14, во учебна 2017/2018 година е 3,69 и во учебна 2018/2019 година е 3.62.

Училиштето презема мерки за подобрување на постигањата на учениците преку организирање и реализација на дополнителна настава.Во училиштето се прави анализа на успехот постигнат по реализираната дополнителна настава и евидентен е напредок кај поголемиот број на ученици кои ја посетувале наставата. Но според податоците во однос на преходната учебна година има мал пад на постигањата.

Во постигања на ученици нема податоци за постигања и реализација на еколошка програма, но наставниците имат еколошки теми интегрирани во тематските планирања.

Последната учебна година училиштето нема активности во однос на меѓуетничка интеграција на младите во образованието и нема партнер училиште.

Стручните соработници во училиштето преку наставниците и одделенските раководители врши идентификација на ученици со посебни образовни потреби, на ученици со потешкотии во учењето, и надарени ученици.

Во годишната програма за работа на училиштето за учебна година 2019/2020 година се утврдени стратегиите за подобрување на постигањата на учениците како конкретен чекор кон подобрување на постигањата.Училиштето организира дополнителна настава за учениците со послаб успех и потешкотии во учењето како и додатна настава за надарените ученици.Училиштето нема реализирано активности со партнер училиштето.

Училиштетто има учествувано и во општински натпревари по предметот Физичко здравствено образование и Ликовно оразование.Училиштето на одредени свечености организира заеднички воннаставни активности со ученици од мешан социјален состав.

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето има податоци за запишување на ученици од својот реон. Во учебната 2018/2019 година утврдено е дека има осипување на ученици, односно училиштето го напуштиле 5 ученици поради преселување во град Гостивар и во странство. Училиштето го следи осипувањето на учениците и ги анализира причините за тоа.

Од споребените анализи просечниот број на оправдани изостаноци во последните 3 учебни години е:4 неоправдани и 6 оправдани по ученик односно во просек 5.5 изостаноци по ученик. Училиштето прибира податоци за одсуствата на учениците.

За учениците кои се нередовни и имаат повеќе слаби оценки советувањата со родителите соодветно се организира и кај истите се постигнати саканите ефекти како во редовноста така и на подобрување на успехот и дисциплината со учениците.

Стручната служба спроведува советување на родителите за што се води уредна евиденција. Просечниот број неоправдани изостаноци по ученик, и редовноста бележи тренд на подобрување во однос на претходните учебни години.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и води грижа за ученици кои се запишуваат во средното образование.

## 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години според статистичкиот извештај на училиштето, нема ученици кои го повториле одделението од прво до деветто одделение. Сите ученици кои се запишани ја завршувале учебната година.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1 Планирања на наставниците

Од страна на наставниот кадар во училиштето се изготвуваат годишни и тематски планирања како и оперативни планирања за наставен час кои на почетокот на учебната година се доставени до стручната служба. Во планирањата се евидентирани редовната, и дополнителната настава како и други вонннаставни активности.

Во училиштето за следење на годишните глобални, тематските и дневните подготовки има пропишани процедури.

Наставниците изработуваат дневни подготовки со сите предвидени елементи. Истите ги содржат сите елементи од методички и дидактички аспект. Во планирањата кај наставниците е предвидено употреба на ИКТ во наставата која се применува многу малку.

Во рамките на стручните активи, се разменуваат искуства,идеи само во рамките во училиштето.

Распоредот на часови е направен според просторните услови односно местото на подрачните училишта и кадровските можности на училиштето. Училиштето има распоред за дополнителна и додатна настава кој не се политува во целист.

## 3.2 Наставен процес

Во наставниот процес наставниците користаат разновидни наставни форми и методи, за работа со учениците најчесто индивидуално, поради многу малиот број на ученици во паралелката.

Во поголемиот број на училници нема функционално мрежно поврзани компјутери. Сите наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата,

Изборот на задачи и активности е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците се трудат да користат различни ресурси за учење и наставата, не ограничувајќи се само на учебниците кои им се на располагање. Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето, и наставата ја реализираат со различни интерактивни методи. Домашните задачи се поврзани со работата на учениците за време на часовите.

Наставниот кадар во училиштето не манифестира полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците. Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло.

Во училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, по која секој наставник е посетен најмалку еднаш во текот на учебната година од стручните соработници и од на директорот на училиштето.

Наставата најчесто се реализира интерактивно. Учениците се активно вклучени во процесот на учење. Интеракцијата наставник-ученик е добро застапена поради малиот број на ученици

Во планирањата наставниците имаат предвидено реализација на наставни единици со примена на ИКТно тоа се реализира, ногу малку.

Наставниот кадар е обучен за интегрирање на еколошки содржини во наставата. Повеќето од наставниците имаат планирано реализација на еко содржини во наставниот процес. Училиштето има изготвено план на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти. При реализација на еколошката програма вклучени се поголем број ученици и наставници и лица од технички персонал. Направена е анализа на состојбите во училиштето особно за еколошки двор, одржување на училишните згради, заштеда на електрична енергија, заштеда на вода) и др.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Училишен простор е уреден особено во централното училиште. Учениците и родителите сметаат дека училиштето поттикнува интерес за учење. Во училишните објекти има доволно училници и други простории Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училницата. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Учениците имаат пристап до различни материјали за учење.

Во училиштето начинот на кој се учи од страна на учениците се смета зае интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието. За време на часот, најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици земаќи го во предвид нивното мислење при решавањето на проблеми и одлучувањето.

Учениците сметаат дека соработката меѓу нив задоволува. и се чувствуваат прифатени и задоволни од наставниците.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Активностите за исполнување на потребите на учениците се самоиницијативни и индивидуални од страна на наставниците. Образовните потреби на учениците се препознаваат и се идентификувани од страна на наставниците и стручната служба.

Поголемиот број од наставниците успешно користат различни техники на поучување и оценување.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Во училиштето се применуваат позитивните законски прописи за оценувањето на учениците. Со критериумите за оценување се запознаени поголемиот дел на родителите. Најголем број наставници оценувањето го вршат преку примена на формативното и сумативното оценување. Се користаат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето повремено. Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата

Оценувањето го вршаат наставниците јавно и редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Наставниците резултатите од оценувањето најчесто ги користат за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известувањето на родителите за напредокот на нивните деца и истиот го применува. Родителите добиват пишани извештаи за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет.

Учениците за својот напредок добиват информации, од одделенскиот раководител и предметните наставници, преку усно и писмено известување.

На крајот на секој квартален период родителите добиват евидентни листови за постигањата и успехот на учениците. На крајот на учебната година учениците добиват свидителство со бројчани и описни оценки.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4. 1. Севкупна грижа за учениците

Севкупната грижа за учениците во училиштето е добра. Учениците ја следат и ја реализират наставата безбедно. Училишниот простор во кој се изведува настава е безбеден. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и нема опасност за учениците. Училишните објекти немаат видео надзор. Хигиената во училиштето задоволува.

Во училиштето постојат дежурства од страна на наставниот кадар.

Училиштето нема истакнати на видни места соопштенија и предупредувања за постапките при елементарни непогоди или други опасни ситуации.

Во училиштето постои забрана за внесување и дистрибуирање на алкохол, цигари како и други наркотични средства, како за учениците така и за наставниците.

Училиштето има програма за грижа за здравјето на учениците и истата се реализира согласно можностите што ги има училиштето Училиштето има обучен кадар за давање на прва помош при несрени слуќаеви

Училиштето има изготвено кодекс на однесување на учениците и кодекс на однесување на наставниците, кои се истакнати на повеќе места во училиштето.

Во кодексот на однесување на наставниците се истакнати обврските и однесувањето на наставниците во училиштето. Во годишната програма за работа за учебната година изготвени се содржини за заемно почитување и рамноправност .

Училиштето нема сопствена кујна за учениците.

При уписот на учениците, во прво одделение педагогот преку тестирање и разговор, ги открива децата со одредени емоционални, социјални и физички потреби.

## 4.2. Здравје

Грижата за здравјето на учениците и вработените е добра. Секоја година се врши дезинфекција на училишниот простор.

Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат полските тоалети и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат редовно, подовите и мебелот во училниците се чистат наутро. Хигиената е на задоволително ниво.

Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи на учениците додека за вработените не се вршени систематски прегледи на вработените поради што е донесено решње за вршење на систематски преглед. . Во училиштето по потреба се организираат предавања за заштита од заразни болести од страна на стручни лица од областа на школската медицина и други лица од надлежни медицински установи. Темите од оваа област се застапени во Годишната програма за работа на училиштето и годишните планирања за работа на класните раководители.

Училиштето се грижи за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсусутвуваат од редовната наствaа. Процедурите во ваквите случаеви се спроведуваат по иницијатива на класните односно одделенските раководители во соработка со родителите или другите релевантни институции.

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето пружа советодавнта помош на учениците. Училиштето ги мотивира учениците за понатамошното образование односно при изборот во средно училиште. Со учениците посебно од деветите одделенија се обработуваат теми како на пример, каде по завршувањето на основното образование‘, избор на стручни занимања по звршеното основно образование каде на ученикот му се помага да се определи во изборот на средното образование.

Стручната служба-педагогот и психологот на училиштето во соработка со класните раководители, директорот и други стручни лица од здравствените установи, , преземаат соодветни мерки за решавање на конкретни проблеми при појава на проблеми кај поедини ученици.во врска со грижата за учениците со емоционални и други здравствени проблеми

Проблемите и емоционалните потреби на учениците се откриваат најчесто преку директен разговор со учениците или со нивните родители од страна на класните раководители или стручната служба. Подршката од родителите на таквите ученици не е секогаш на потребното ниво.

**4.4. Следење на напредокот**

Следењето на напредокот на учениците од страна на наставниците и стручните соработници е на задоволително ниво. Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик посебно и истото се евидентира во соодветна педагошка евиденција и документација. Во одделенска и предметна настава напредокот на учениците се евидентира во евидентните листови. За претходните учебни години постојат извештаи за успехот и поведението на учениците од кои се вршат анализи за напредокот на учениците по паралелки и одделенија. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат до стручната служба и директорот на училиштето за понатамошна анализа.

Училиштето при изготвувањето на полугодишниот и годишниот извештај за работа ги информира другите органи (совет на родители и училишен одбор) за постигањата на учениците и нивниот напредок во уќењето..

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето.

Училишната клима во целост ги задоволува стандардите за функционирање на една воспитно-образовна установа. Поголемиот дел од вработените во ова училиште со својата работа и однесување придонесуваат за поголема афирмација на ова училиште. Односите меѓу учениците и наставниците се добри, и се базираат на взаемно почитување и помагање,почитување меѓу учениците од ист и од различен пол и од различен социјален статус,..Најголемиот дел од наставниот кадар ужива респект кај учениците и родителите со што самите вработени се идентификуваат со училиштето.

Во училиштето постои соработка помеѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Раководниот и наставниот кадар се постојано во своите напори да обезбедат добра атмосфера во училиштето.

Дисциплината на учениците е добра. Учениците имаат соработка со вработените и внимаваат на своето однесување, постои добра атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување. Вработените успешно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста на учениците. Ваквите ретки случаи, навремено се идентификуват и се разрешуваат во соработка со вработените, стручната служба и родителите. Училиштето го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки ако за тоа има потреба. Учениците не секогаш се информирани за сите работи што се во нивен непосреден интерес, и не секогаш учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки со тие работи и Ученичка заедница малку прудонесува на решавње и донесување на одлуки кои се во нивни интерес

Во училиштето,поведението на сите ученици е оценето како примерно, додека дисциплината на нивона училиштето е добра е констатацијата на наставниот кадар на училиштето.

Училиштето се залага за функционално уредување на училишниот двор согласно сите еколошки параметри.Училиштето се залага за обезбедување здрави услови за работење и престој во училишната зграда.

## 5.2 Промовирање на постигањата

На постигнувањата на учениците им се посветува големо внимание. Училиштето има задоволувачка политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво, но нема развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и на наставниците кои го потпомогнале.

Личните постигања на учениците се промовираат со организирање на манифестациии за време на патрониот празник во рамките на училиштето.

Поттикнувачката политика треба да се развие во поголема димензија за мотивирање на учениците за помасовно учество на разни натпревари, како и нивно наградување за постигнатите резултати. Вообичаено награди и пофалници за ученици и наставен кадар кои заслужуваат тоа, им се доделува за време патрониот празник , кога се присутни родители, членови на локална самоуправа и медиуми.

Во училиштето има истакнаото на видни места дипломи, награди, признанија и други.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Во ООУ „Ѓон Бузуку“,с.Србиново општина Гостивар наставата се реализира на албански наставен јазик. Училиштето доволно ги вреднува и промовира:, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето. Вработените во училиштето родителите и децата се запознати со правата на децата во училиштето и можат да препознаат случаи на нивно нарушување во пракса.

Во училиштето се залага да се обезбеди добри услови за учење и за реализација на воспитно-образовниот процес. се води политика на позитивно вреднување и промовирање на културните и верските разлики. Учениците учат да ја почитуваат својата и културата и традициите на другите заедници. Во училиштето се промовира еднаквоста и правичноста како темелна вредност. Нема евидентирана и забележена дискриминација по било која основа кај учениците, наставниците и родителите .

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето во рамките на пропишаните норми за учество и нивно одлучување во Советот на родители, Училишниот одбор и родителски средби. Има деловник за работа на Училишниот одбор и Советот на родители. Училиштето има пропишано демократски процедури за учество и избор на преставници од родителите во училишниот одбор.

Соработката и комуникацијата на училиштето со родителите се сведува преку разговори и одржување на најмалку две родителски средби во текот на едно полугодие. Родителите преку класните раководители, индивидуалните средби и сл. редовно се информирани за состојбата во училиштето и успехот на нивните деца.

Училиштето има тесна соработка и со локалната самоуправа, непосредно преку нивните преставници во Училишниот одбор како и преку реализација на инфраструктурни проекти потпомогнати од општината.Училиштето има добиено спонзорства и донации од родители и невладини организации.

# 6 РЕСУРСИ

## 6.1. Просторни капацитети

Наставата во ООУ„Ѓон Бузуку" се одвива во 6 училишни објекти во с. Србиново, Трново, Страњане,Падалиште, Равче мало и с. Граванец. Училишниот објект: во ЦОУ во с. Србиново е изграден од тврда градба на приземје и кат и .располага со 6 училиници, 1 кабинет по информатка, 1 библиотека 4 административни простории за директорот, 1 за педагогот,психологот 1 за секретарот и 1 канцеларија за наставници додека училишниоте објекти во сите ПОУ се на приземје..

Во училиштето има доволен број на санитарни јазли по 2 за наставници, и по 2 за учениците., има ПТТ - фиксна линија, интернет мрежа со многу слаба конекција; нема громобранска мрежа, нема ПП апарати и хидранти. Истото се однесува и за другите 5 подрачни училишни објекти.

Училиштето има распред за користење на училишните простории за изведување на наставни и воннаставни активности. Сите училишни објекти (централно и подрачните) имаат мал училишн двор, мала зелена површина.со исклучок на централното училиште коа има спортски терени и голема површина на зеленило.

Во ООУ,,Ѓон Бузуку" се запишани 89 ученици распоредени во 21 паралелки од прво до деветто одделение . Наставата се одвива во една смена, како во централното училиште така и кај пет подрачни училишта

## 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала делумно задоволува. Училиштето ги утврдува потребите на наставни средства и помагала преку разговори со наставници на наставнички совети, преку стручни активи и сл. Училиштето располага со мал број на книги, материјали за практична работа, проектори, компјутери, лап топи, скенери, принтери, нагледни средства по хемија, физика и биологија, географски карти спортски реквизити,

Училишната библиотека располага со вкупно 3500 примероци на книги. кои се претежно со стар тираж и истите делумно ги задоволуваат потребите на учениците. Библиотечната евиденција не се води електронски ,туку во тетратка. Библиотеката е отворена за учениците од 9,00-11,30 ч. Библиотекарот нема изготвено годишна програма за работа и работи согласно потребите на учениците и наставниот кадар..

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и воннаставните активности: креди, маркери, сунѓери, хартија, хамери, лепаци и тоа понекогаш го нема во доволна мера. Училиштето се снабдува со потрошен материјал спрема потребите на училиштето.

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Наставниот процес во училиштето го реализираат 31 наставник и тоа (18 мажи и 13 жени), 1 педагог, 1 психолог, 1 библиотекар, 1 директор. Од наставен кадар се вработени 18 на неопределеон време и 13 на определено време. По видот на образование 27 наставници се со високо образование, 4 со вишо образование. Вкупен стаж на наставничкиот кадар во ООУ Ѓон Бузуку е: од 0 до 10 години се 14 наставниции, од 11 до 20 години се 5 наставници, од 21 до 30 години се 8 наставници, над 31 година се 4 наставници. Според етничка припадност на наставниот кадар сите 31 наставници се албанци. Поголемиот број наставници се со соодветна стручна подготовка согласно законот за основно образование и според нормативот за наставен кадар освен наставен кадар со несоодветно образование по предметите ликовно, ОТП и македонаки јазик.

Наставниот кадар континуирано и стручно се усовршува по барање на БРО, МОН или други акредитирани институции. Во училиштето не е спроведено работно време со картички. Редовноста на наставниот кадар и техничкиот персонал и ја следи директотот. Во случај на отсутност на некој наставник не се наоѓа соодветна замена туку се менува распоредот за пополнување на празните часови во зависност од отсуството на наставникот..

Во училиштето нема чуварска служба нити физичко обезбедување. Стручната служба во училиштето ја сочинуваат педагог психолог и библиотекари. Стручната служба има програма за работа. Стручната служба и наставниот кадар се активно вклучени во реализација на еколошката програма во училиштето

.

## 6.4. Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Во училиштето посета на часови се врши од страна на педагогот и директорот најмалку по еднаш во текот на годината. Училиштето има план за професионален развој на наставниците. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари, проекти и обуки од МОН, БРО, УСАИД и други домашни и странски организации. Стручната служба е информирана и редовно ги следи сите обуки, семинари и сл и ги евидентира лицата кои за нивното учество во портфолија за професионален развој. Работата на наставникот приправник ја следи ментор. Менторите имаат програма за менторство. Во оваа учебна година во училиштето нема наставници приправници.

## 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Училиштето нема Правилник за вршење на набавки од мала вредност. Во комисијата за јавни набавки задолжително има еден член од УО. Финансиското работење во училиштето се контролира преку училишниот одбор преку завршна сметка која сее изготвува и донесува на крајот на календарската година. Завршните сметки се разгледуваат и усвојуваат на седница на УО. Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошење на истиот преку финансиски план. Најголемиот дел за материјалните трошоци и комуналните услуги што ги прави училиштето ги покрива основалот. Училиштето не обезбедува никакви средства по друг основ.

За финансиското работење училиштето ја информира локалната власт преку изготвување на полугодишни ,квартални и годишни извештаи за неговото финансиско работење.

# 7.Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## 7.1. За управувањето и раководењето со училиштето

Во ООУ „Ѓон Бузуку„ функционираат сите формални органи. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот, на време и во законски предвидениот начин. Овој орган сите надлежности и компетеци ги реализира согласно деловникот за работа. Присуството на членовите на Училишниот одбор на закажаните седници е редовна и транспарентна. Училишниот одбор, соработува со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Поголемиот дел на членовите на Училишниот одбор, не се доволно информирани со одредбите од Законот за основно образование во однос на правата и обврските предвидени за овој орган на управување. Но, има потреба за обуки за мал дел на членоите на Училишен одбор за извршување на улогата на упраување.

За својата работа, Училишниот одбор ги запознава другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес.

Во последните три учебни години во училиштето неколку пати се сменети директоите. Сегашниот раководен орган - директоро е именуван со Решение од Миистерот за образование. Именованиот има програма за работа, и истата целосно и успешно ја реализира во континуитет. Знае добро да ги вреднува објективно квалитетите на вработените и нивниот придонес во целовкупната работа во образовниот процес на училиштето. Има познавање за работата и е одлучен за донесување на одговорни одлуки. Своето работење го заснова врз тимска работа и има солиден професионален однос кон работата. Се фокусира на јасни работи за остварување на приоритети од програмата за развој на училиштето. Како приоритети на неговата работа е подобрувањето на условите за работа во училиштето и подобрување на постигањата на учениците. Со почит се однесува кон специфичните карактеристики на родителите и со нив постојано соработува за да и тие да даваат свој придонес за подобрување на резултати.

Директорот развива добро соработката со Бирото за развој на образование, Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, , родителите на учениците како и други органи.

## 7.2. За целите и креирањето на образовната политика

Образовната политика за работа на училиштето е предвидена и се реализира според програмата за развој и годишната програма за работа на училиштето. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Во Програмата за развој на училиштето се јасно и прецизно дефинирани и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на постигањата на учениците, обезбедување на услови за кабинетска насатава и инфраструктурните услови во училиштето.

Вработените, дел од родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето

Креирањето на училишната политика е насочена кон јасно дефинирани цели. Во креирањето-ажурирањето на стратегиите, за реализирање на поставените цели, вклучени се поголем дел на наставниците. За ова се информираат заинтересираните субјекти на наставнички совет, одделенски совети и стручни активи.

## 7.3.Развојно планирање

Со Извршена Самоевалуација за работењето на училиштето и по целосната анализа на работењето во претходните две години и лоцирање на одредени слабости, раководниот тим на училиштето ги отсликува вистинските потреби и предлага реално остварливи решенија кои ќе го подобрат квалитетот на наставата.

Сите приоритети во училиштето се планираат врз основа на анализата на реалната состојба и реалните потенцијали на училиштето.

Во Програмата за развој прецизно се одредуваат целите и јасно го отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Училиштето изготвил активности за реализација на поставените цели и план за следење и евалуација на реализацијата на активностите.

Родителите, учениците и наставниците, се постојано информирани за поставените цели, нивното реализирање и постигнатите резултати. Училиштето ги има во предвид ставовите на сите субјекти кои се заинтересирани за работата на училиштето.

Училиштето има план за обезбедување на нови нагледни средства на место нагледните средства кои веље се амортизирани поради долгогодишната употреба. Училиштето по приоритет и потреба превзема активности но поради немање на финансиски средства во последните години не се набавени во доволна мера.

Во однос на подобрување на инфраструктурата, училиштето последно време нема добиено средства од Оснивачот. Ова се гледа од помошта што ретка ова училиште го добива.

# Наоди и препораки

## Јаки страни

- Севкупна грижа на училиштето за хигиената, здравјето, и дисциплината.
- Промовирање, и стимулирање на учениците за подобрување на личните постигања.
- Соработката, на раководниот кадар со вработените и училишните структури.
- Транспарентност во трошењето на училишниот буџет.
- Следењето на наставниот процес од страна на стручните соработници

## Слаби страни

- Немање доволни нагледни средства, учебници, и технички помагала за реализација на наставата.
- Соработката со пошироката средина во однос на интеграција и немање на партнер училиште.
- За поголем дел од членови на училишниот одбор не е обезбедена обука за запознавање со одредбите од Законот за основно образование во однос на правата и обврските предвидени за овој орган .
- Во поголем дел на учлниците нема функционално мрежно поврзани компјутери.
- Три наставници со несоодветно образование

## Препораки

- Да се превземат активности за обезбедување на доволни учебници, нагледни средства и технички помагала за реализација на наставата.
- Да развива активности со пошироката средина во однос интеграција и обезбеди партнер училиште.
- Да се обезбеди обука за членовите на училишниот одбор за запознавање со одредбите од Законот за основно образование во однос на правата и обврските предвидени за овој орган .
- Да се обезбедаат комјутери и се среди функционалноста за користењето на истите.
- Да се превземат активности за целосно обезбедување со соодветен наставен кадар**.**

| | |
|---|---|
| **Реџеп Хамити ...............раководител на инспекциски тим** | |
| **Гоце Крајчески.............инспектор** | |
| **Илбер Зенку..................инспектор** | |
| | |